**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Педесет и прва седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 13 декември 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Михајло Георгиевски, Аце Сајковски и Јонуз Абдулаи, Томислав Петровски, Кирил Настески, Нано Ружин, Илијаз Сабриу, Илинка Митрева, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, сега притиснете на едно од копчињата во системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

61 пратеник притиснале на копчињата и на седницата сега присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Инаку, ние овде се свикавме по Педесет и шестата седница, за да гласаме за Законот за одбрана, меѓутоа сега ние ќе се обидеме да поработиме по Педесет и првата седница.

Тука е еден претставник од Владата за точката 10.

Затоа ги молам службите да ги известат пратениците од пратеничките групи, кои седат во своите простории или во бифето, за да дојдат овде да гласаме за Законот за народна одбрана.

Деловничка интервенција на господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, јас го почитувам напорот, кој што од Ваша страна се прави, за да се собере кворум во салата, кој што впрочем, според мене сметам дека е многу нормален во светот на демократските земји, меѓутоа во врска со процедурата на работењето на Парламентот, би сакал да поставам прашање односно да дадам краток коментар.

Би молел, вие или службите на Собранието, пред да продолжиме со работа по седницата, да ми одговорат колку пратеници вчера и завчера земале дневници. Се знае дека вчера бевме исто колку што сме денес или двајца повеќе или помалку, а и завчера беше исто, ме интересира колку пратеници земале дневници. Моето прашање е мотивирано од денешниов текст во "Дневник", во кој се пишува дека пратеници кои што, да речеме, еве не земајте за зло од Ресен земаат по 8.000 денари дневница.

Сакам одговорот кога ќе го добијам, да го доставам до средствата за јавно информирање, бидејќи македонската јавност заслужува да биде информирана како се трошат државните средства, кои што, иако можеби, не знам точно, можеби се големи, сепак не се најголема штета во врска со ова прашање што го поставувам, во врска со процедурата. Затоа што, сметам дека принципиелно некој може да не доаѓа на седница, ако политички одлучил дека со тоа може да собере некој екстра поен пред јавноста, но мислам дека личното, субјективното или ниско партиското не може пред се и над се да се стави, посебно не пред државните интереси.

Затоа, сакам да кажам дека, ако дозволите мало потсетување, во 1994 година ние тврдевме дека изборите беа фалсификат и доблесно согласно на тоа го напуштивме Собранието и бевме надвор од Собрание. Оној што е внатре во Собрание, сметам дека, без разлика што може да одлучи да не доаѓа внатре, сепак, треба да ги надмине партиските ограничувања и да се најде внатре, затоа што имаме обврска пред гласачите, имаме обврска пред државата, имаме обврска пред институциите на системот и меѓу другото се трошат државни пари. Можам да кажам дека не сметам дека 80 пратеници кога ќе собере коалицијата, дека е израз на демократија.

Сметам, ова токму денеска што го имаме како ситуација на раб на кворум, односно на раб на 61 пратеник дека е движење во правец на демократија, но тоа не значи дека опозицијата сега треба да ги напушта седниците и да не може никој од пратениците да ги извршува своите обврски кон странство, што според мене, ја води државата во изолационизам.

Тоа е според мене, проблем на кој што сакам да добијам одговор пред да продолжи седницата со работа, ако може, претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, молам, на господинот Филип Петровски ќе му одговориме откога ќе оствариме увид во листингот таму, така што не е пред да продолжи седницата.

Ние сега ќе си продолжиме да работиме, после ќе му го дадеме одговорот на пратеникот, кога ќе бидеме слободни, да го видиме тоа.

Господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани господа пратеници, јас мислам дека денеска е 4 ден овдека на седница кои доаѓаме, без разлика тие знаат, мислам на опозицијата дека имаме отсутни пратеници од овој збир, кој го имаме 64 или 65 пратеници. Знаат дека имаме отсутни, кои отидоа во Ерусалим и манипулираат точно со тоа. Тоа значи сакаат да направат некоја опструкција во Собраниево, а и прават опструкција овде во Собраниево.

Тоа е нивно лично право што прават и нека прават и понатаму, нема никаков проблем и не сум против тоа што го прават. Нормално, опозиција е опозиција, власт си е власт. Тоа е точно. Но, има една голема забелешка што треба претседателот на Собранието и Ве молам сите пратеници овдека, дали јас или некој друг пратеник ќе поднесеме сите да се потпишеме овде во Собранието на Република Македонија, кој ќе влезе во салата, нормално, се знае патни, дневни трошоци што имаат, дневници и тие работи му следуваат. А, треба до претседателот да поднесеме ние овдека кои сме присутни и кои сме редовни, значи, тоа да се добие. Не смее да се исплаќа и мислам дека не би требало и наше барање е до претседателот да биде во писмена форма, овдека да донесеме нешто, ние пратениците да одлучиме. Не може некој кафе да пие пред мене да излезе таму 8 или 9.00 денари да земе, да дојде и да се поздрави. Четири дена така по 300 марки, тоа се 1200 марки или 1000 марки земаат пари.

Господине претседателе, овој проблем мораме да го решиме во Собрание. Затоа, ние ќе ви поднесеме писмено, петиција од сите, јас и сите колеги пратеници овдека и Ве замолувам, ние ова треба да го решиме. Јавноста во Република Македонија треба да знае дека се манипулира. Јас ќе поднесам петиција и кој колега сака да се....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Откога ќе поднесете, тогаш ќе расправаме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам, нема проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш ќе расправаме по тоа, а сега ослободете ја говорницата.

Ве молам, мораме за момент да го причекаме секретарот на Собранието, да можеме да минеме на онаа точка од Педесет и првата седница, а повикајте го, Ве молам, господинот Сејфедин Харуни да влезе во Собранието, тој вети дека веднаш се враќа. (Реакција од пратениците дека Сејфедин Харуни нема да се врати). Тој рече дека ќе влезе.

Ако не ќе почекаме малку да влезе уште еден пратеник, бидејќи сега сме 60 пратеници и не е потребно така да работиме. (Меѓувреме влезе уште еден пратеник).

Седнете на своите места, да продолжиме со работа.

Ако може помалку процедурално да се јавувате.

Процедурално за збор се јави господинот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници сакам да укажам дека, навистина на ова Собрание некако се манипулира, не само со нас пратениците овдека и со Вас господине претседателе, туку со целата македонска јавност. Да висиш во моментов поради еден пратеник за кворум, а за жал, дел од пратениците од опозицијата влегуваат колку да се формира тој кворум од 61 пратеник и откога ќе се избројат 61 пратеник, вие ќе отворате седница, тој веднаш ќе си излезе надвор.

Верувам, дека кога вие повторно рековте дека имаме кворум, верувам и сум сигурен дека повторно после 5 минути, пак нема да имаме кворум. Тоа е чиста манипулација, тоа е чиста опструкција, која што за жал, ете се случува во нашиот Парламент.

И, уште нешто, господине претседателе, ова е четврти дена што ние и вие се бориме за кворум. Би Ве замолил со координаторите на двете пратенички групи од позицијата да се договорите еден ден пред тоа дали имаме кворум или немаме и да не се свикува седница само заради јавноста, ете ние немаме кворум и да им се дава материјали и аргументи на опозицијата, а плус тоа да се трошат и средства од Буџетот кои што, ете и со таквите манипулираат во весниците, а за кои се знае кој е виновен. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сакав да Ви кажам дека се консултирам, нормално, откако добивам уверувања, па после закажувам седници, но за тоа не се вознемирувајте, јавноста си гледа и да ја оставиме сама да суди. Треба Собранието да ги почитува одредбите на Уставот, таму е условот 61 пратеник да биде, за да може да работи Собранието.

Сега, ги молам пратениците нека си седнат на своите места.

Сега никакви други активности нека нема, да можеме да работиме.

Сега имаме 61 пратеник.

Дајте да се избројат присутните пратеници во салата.

62 пратеници присуствуваат на седницата.

Ве молам нека биде тишина и да обезбедиме овде да бидат пратениците.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Тие доаѓаат овде само да бидат регистрирани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека ги, и тие игри нека ги види јавноста, нека се види тоа.

Сега да видиме колку имаме присутни и дали можеме да работиме.

(По пребројувањето на пратениците во салата).

Значи, пак се 60 пратеници.

Ве молам не ќе можеме да продолжиме, ќе почекаме да видиме дали може да се обезбеди барем уште еден пратеник, за да можеме да работиме.

Тука сме, треба да почекаме.

Скапа работа е Собранието, се разбира и секој треба да води сметка за тоа.

(Се чека во Собранието да влезе уште еден пратеник, за да може Собранието да продолжи со работа).

Денеска видовте дека имаме 60 пратеници во салата.

Има некои илегалци кои упаѓаат овде и веднаш бегаат, фактички се обидуваат да прават диверзии.

Тоа велат дека е политички допуштено.

Но, бидејќи имаме само 60 пратеници, кои се спремни да работат, а не можеме да се потпреме на шегаџиите кои доаѓаат и излегуваат, а со 60 пратеници не се работи во Собранието, не можеме да работиме, уставната норма мораме да ја почитуваме до крај, јас ја одложувам седницата.

Кога ќе продолжи дополнително ќе закажеме.

Ве молам, притиснете ги копчињата да видиме кои се тука.

Бидејќи нема доволен број пратеници, ја одложувам седницата.

Кога ќе продолжи дополнително ќе закажеме.

(Седницата прекина со работа во 12,15 часот).